


## КАКВИ АВТОМОБИЛИ ВОЗАТ ВО ВЛАДАТА И ОПШТИНИТЕ

# ЗА ВОЗНИОТ ПАРК НА ВЛАДАТА И ОПШТИНИТЕ ПОТРОШЕНИ НАЈМАЛКУ 33 МИЛИОНИ ЕВРА

**Министерствата и општините поседуваат вкупно 2.645 автомобили, од кои 2.008 се со набавна вредност од 33 милиони евра, додека за 637 патнички возила институциите немаат или не доставиле податоци за набавната вредност. Министерствата имаат 2.215 возила вредни 27,2 милиони евра, додека општините имаат 430 возила во вредност од 5,7 милиони евра, покажува базата на податоци што ја објави Центарот за граѓански комуникации. Убедливо најмногу возила поседува Министерството за внатрешни работи 1.559, односно 70% од возилата на министерствата. Следни се Одбрана со 142 возила и Земјоделство со 108 возила. Кај општините води Град Скопје со 36 возила, следен од Карпош со 16 и Кичево со 14 возила. И централната и локалната власт најмногу возат Шкода, Фолксваген и Форд. Сепак, сите пет најскапи возила се Мерцедес, купени од министерствата за внатрешни работи (572.780 евра), за надворешни работи (81.301 евра) и за финансии (76.768 евра), како и општините Свети Николе (77.839 евра) и Кавадарци (70.075 евра). Просечна цена на купените патнички возила е 16.690 евра кај Владата и 15.051 евра кај општините. Просечна старост на возилата е 12,5 години.**

пишува:
**Александар Јанев**
aleksandar.janev@kapital.mk

Министерствата и општините поседуваат вкупно 2.645 автомобили, од кои 2.008 се со набавна вредност од 33 милиони евра, додека за 637 патнички возила институциите немаат или не доставиле податоци за набавната вредност. Министерствата имаат 2.215 возила вредни 27,2 милиони евра, додека општините имаат 430 возила во вредност од 5,7 милиони евра, покажува базата на податоци што ја објави Центарот за граѓански комуникации.

Убедливо најмногу возила поседува Министерството за внатрешни работи (МВР) – 1.559, односно 70% од возилата на министерствата. Следни се Одбрана со 142 возила и Земјоделство со 108 возила. Кај општините води Град Скопје со 36 возила, следен од Карпош со 16 и Кичево со 14 возила.

И централната и локалната власт најмногу возат Шкода, Фолксваген и Форд. Сепак, сите пет најскапи возила се Мерцедес, купени од министерствата за внатрешни работи (572.780 евра), за надворешни работи (81.301 евра) и за финансии (76.768 евра), како и општините Свети Николе (77.839 евра) и Кавадарци (70.075 евра).

Просечна цена на купените патнички возила е 16.690 евра кај Владата и 15.051 евра кај општините. Просечна старост на возилата е 12,5 години. Најнов возен парк имаат министерствата за локална самоуправа и за животна средина, во просек по 8,5 години, додека најстари возила имаат министерствата за правда и за информатичко општество, просечно по 16 години.

Во однос на бројот на возила спрема бројот на вработени, произлегува дека најмалку возила по вработен има Општина Дебар, а најмногу Општина Арачиново. Во Дебар, едно возило опслужува 61 вработен, а во Арачиново само 2 вработени.

Оваа база на податоци на Центарот за граѓански комуникации содржи 15.870 поединечни податоци за возилата – сопственик, марка и модел на возилото, кога е произведено, а кога е набавено и набавната вредност. Центарот за граѓански

**ФАКТ: НАЈНОВИ И НАЈСКАПИ ВОЗНИ ПАРКОВИ ИМААТ ОПШТИНИТЕ ДЕМИР КАПИЈА И ЧАИР**

## ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА НА ВЛАДАТА И ОПШТИНИТЕ

| Вкупно возила | Возила со податоци за вредност | Просечна набавна вредност | Просечна старост |
|---|---|---|---|
| 2.645 | 2.008 | 16.380 евра | 12,5 год. |

**Вкупна вредност на возилата**
**32.890.560 евра**




**Набавувани возила по години (Влада и министерства)**




комуникации ги обезбедил изворните податоци преку барања за пристап до јавни информации доставени до 97 институции.

Оттаму велат дека загрижува фактот дека од 2.645 автомобили, дури за 637, односно речиси за секој четврти автомобил, институциите немаат или не доставуваат податок за набавната вредност. Така, Службата за општи и заеднички работи на Владата (СОЗР), на пример, не доставила податоци за вредноста на ниту едно од 113 патнички возила кои ги поседува, меѓу кои се наоѓаат и 40 Пасати за потребите на Владата, а според податоците од Електронскиот систем за јавни набавки, секој еден чини по 40.237 евра.

Кај општините, податоци за вредноста на возилата не открија Општина Тетово и Општина Сарај.

Инаку, од 2.645-те автомобили, 561 се возила кои на институциите им се донирани или отстапени на користење од друга институција.

### Возен парк на министерствата и Владата

Анализата на добиените податоци покажува дека од сите 15 министерства, со најмногу патнички возила располага Министерството за внатрешни работи, и тоа 1.559. Ова министерство е прво рангирано и според потрошената сума за набавка на возилата, која што изнесува 22 милиони евра. Сепак, МВР не доставило податоци за 324 возила поради – како што образложуваат – потребата за секое од овие возила да се отвораат поединечните досиеја за што би било потребно и неколку месеци, бидејќи станува збор за постари возила.

Второ рангирано според бројот на возила е Министерството за одбрана кое има 142 возила, но поседува податоци за набавната вредност само на 43 возила. За останатите 99 возила, од министерството информираат дека се набавени пред 2015 година и за нив книговодствената документација е уништена согласно со Законот за архивски материјали.

Трето рангирано според бројот на возила е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое за набавка на 108 патнички возила платило 1,3 милиони евра.

По одделни министерства, најмногу пари за набавка на едно патничко возило досега платило Министерството за внатрешни работи и тоа дури 572 илјади евра. Станува збор за набавката на возилото од производителот Мерцедес модел С600 во 2012 година. Ова возило, набавено од МВР а предадено на трајно користење на СОЗР, не беше ставено на списокот на ниту една од овие две институции. МВР образложи дека „со одлука на Влада автомобилот од МВР премина во трајно користење на Службата за општи и заеднички работи, од таа причина истото го нема во доставениот табеларен приказ на возила со кои располага МВР." СОЗР, пак, одговори дека „списокот на возила што ви го доставивме на увид ги содржи сите активни возила или поточно сите возила што ги користи Службата. Тука не се влезени возилата кои се хаварисани, не се во возна состојба, како и возилата кои се времено дадени на користење на друго министерство. Со еден збор, списокот ги содржи сите возила кои во тој момент Службата ги користела секојдневно за извршување на услугата Превоз. Споменатото возило во моментот на подготвување на списокот не се користело од страна на Службата. Тоа е доделено со одлука на Владата меѓутоа Службата не го користела затоа го нема на списокот. Вашето барање се однесува на сите возила што ги користи Службата". Сепак,



за целосност на базата, возилото – кое е веќе добро познато во јавноста – е додадено на списокот и тоа кај набавувачот, односно МВР.
Второто најскапо купено возило е кај МНР. Станува збор за Мерцедес Е430/4М купен во 2001 година за 81.301 евра, повторно од МВР и даден на користење на МНР.
На трето место е Мерцедес Е240 на Министерството за финансии купен во 2005 година за 76.767 евра.
Статистиката на набавени возила според производителот, покажува дека во возниот парк на министерствата и Владата доминира Шкода со вкупно 447 возила, а потоа следува Фолксваген со 329 и Форд со 162 возила.

### Возен парк на општините

Најмногу пари за набавка на патнички возила помеѓу единиците на локална самоуправа, согласно базата на податоци изработена од Центарот за граѓански комуникации, потрошил Град Скопје и тоа 472 илјади евра за купени 36 возила.
Следуваат Карпош со 303 илјади евра за набавени 16 возила и Охрид со потрошени 293 илјади евра за 13 возила. Струга, пак, потрошила 206 илјади евра само за 7 возила.
Најнови и најскапи возни паркови имаат општините Демир Капија и Чаир. Демир Капија има две возила купени за 102 илјади евра, додека Чаир, за 4 возила, сите купени во 2016 година, потрошила 138 илјади евра.
Просечната набавна вредност на едно возило кај општините е 15.051 евро.
По одделни општини, најмногу пари за набавка на едно патничко возило досега потрошила општината Свети Николе, која во 2010 година купила автомобил Мерцедес ЦДИР 320 за кој платила 77.839 евра. Потоа следува општина Кавадарци која во 2005 година исто така за Мерцедес, марка Е200 Компресор, платила 70.075 евра, а општина Струга во 2011 година потрошила 68.247 евра за набавка на Ауди А6 Куатро. Следни се општините Гостивар која поседува Ауди А6 набавен во 2014 година за 65.595 евра и Демира Капија, која за набавка на Фолксваген Пасат 2.0 ТДИ во 2014 година платила 62.656 евра.
Најново возило, вредно 49.000 евра, поседува Општина Дебар, додека пак најстар возен парк има Општината Старо Нагоричане, каде трите возила имаат просечна старост од 24 години.
Според одделни производители, кај општините исто така доминираат автомобилите Шкода со вкупно 61 возило, потоа следува Фиат со вкупно 38 возила и Фолксваген и Форд со по 35 автомобили.
Од Центарот за граѓанско комуникации велат дека оваа база на податоци е единствен приказ на податоците за дел од имотот на Владата и општините.
„Македонија е меѓу ретките земји во светот во која ниту Владата, ниту граѓаните немаат сумарен увид на сиот имот во сопственост на државата (недвижен, движен, акции и удели во трговски друштва), а со тоа и во сопственост на сите нејзини граѓани. Тоа значи дека никој во земјава нема увид ниту во обемот на тој имот, во начинот на којшто се управува со тој имот, располагањето со тој имот, како и условите под кој тој имот се става на располагање на други лица и субјекти. Ова отвора широк простор за недомаќинско работење и управување со имотот на граѓаните, за злоупотреба и корупција, но и за негово ненаменско и неефикасно користење“, велат од Центарот за граѓанско комуникации.
Според нив, ако се има увид во тој имот, тогаш најмалку ќе може да се искористи дел од тој имот за попродуктивни и понаменски цели, пр. во делот на социјалната заштита или заштедување на јавни средства (пр. институции коишто сега плаќаат наемнина за просторот да се сместат во простор сопственост на државата што ќе се заштедат непотребни расходи и сл.). Изработка на јавно достапен (преку интернет) регистар на имотот во сопственост на Република Македонија (недвижен, движен, акции и удели во трговски друштва) ќе придонесе за поотворена, поодговорна и поотчетна влада, поефикасно искористување на јавните средства и намалување на корупцијата, додаваат од Центарот за граѓански комуникации.

### Третина од домаќинствата без автомобил

Што се однесува до населението, Државниот завод за статистика неодамна објави дека бројот на автомобили во Македонија е во постојан раст, но сепак повеќе од една третина од домаќинствата не поседувале патнички автомобил во 2017 година.
Според извештајот на Заводот за статистика за снабденост на домаќинствата со трајни потрошни добра во периодот 2015 – 2017 година, патнички автомобил имале 59.6% од сите семејства.
Во Македонија бројот на автомобили е во постојан раст и од 383.833 во 2015 година достигнува вкупно 403.316 регистрирани автомобили во 2017 година.
Во периодот 2015 - 2017 година, процентот на семејства кои поседуваат патнички автомобил, исто така, расте од 56,5% во 2015 и 59,4% во 2016, на 59,6% лани.
Но, бројот на нови моторни возила, односно гледано по прва регистрација се намалува, па така во 2017 година бројот на патнички автомобили со прва регистрација изнесува 26.609 возила, што споредено со 2016 година е намалување за околу четири илјади, кога биле регистрирани 30.423 нови возила.
Податоците на Народната банка на Македонија за кредитирањето во Македонија до првата половина од годинава покажуваат продолжување на надолниот тренд кај автомобилските кредити. На годишно ниво се одобрени 10,8% помалку кредити за автомобили.
Податоците покажуваат дека просечната старост на патните моторни возила во Македонија е зголемена од 18,4 години во 2016 на 18,7 години во 2017 година.
Македонија со 190 возила на 1.000 жители останува далеку под просекот во ЕУ, каде на 1.000 жители има 505 возила, покажуваат податоците на Еуростат. Истовремено, Македонија во 2016 година има вкупно 259 километри автопат и 14.167 километри други патишта. За споредба Словенија со 531 возило на 1.000 жители и со речиси иста територија како нашата држава, во 2016 година има вкупно 773 километри автопати.

